| **Неделна тема** | Здрава храна, здрави деца |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Големо -мало |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на знаења за тоа кои места се опасни, кое однесување е опасно и што треба да се прави во таков случај. Оспособување на детето да биде внимателно. |
| **Активност** | Започнете кус разговор со детето со претходно поставени слики или илустрации од овошје и зеленчукови плодови. Воочете му на детето дека се разликуваат по форма, боја, но и по големина. Има големи плодови (јаболко,лубеница,тиква и др),(слика бр.1) и мали-ситни плодови (цреши,капини,грашак и др),(слика бр.2). Потоа селектирајте-групирајте во две групи големи и мали плодови.<br>Потоа играта нека продолжи со логички плочки (слика бр.3) и две јаженца за множества. Во едното издвојте ги заедно со детето големите, а во другото множество-малите логички плочки.<br>Вежбите можат да продолжат со прибор за јадење (множества од мали и големи лажички и вилушки) или од кои било предмети или играчки. |